# ПОСТАВЕНОСТ НА ФУНКЦИЈАТА НА КОНТРОЛА НА УСОГЛАСЕНОСТ ВО СТОПАНСКА БАНКА АД – СКОПЈЕ

## *ПОСВЕТЕНОСТ кон усогласеноста со регулативата, правилата, прописите, стандардите и примена на најдобрите меѓународни практики*

Наша определба, во процесот на одржување на високо ниво на усогласеност е секојдневно дејствување во насока на постапување во согласност со домашната и релевантната меѓународна регулатива, правилата и прописите. Наша определба е воспоставување на систем на усогласеност преку воспоставување на Функција за Контрола на усогласеноста во Стопанска банка АД – Скопје (во понатамошниот текст: СБ/ Банката), која континуирано работи на подобрување на системот на усогласеност, придонесува за заштита на Банката, акционерите, клиентите, нејзините вработени, добавувачите како и сите останати заинтересирани страни што влегуваат во деловен однос со истата.

Определбата на Менаџментот за "нулта толеранција за неусогласеноста", како и очекувањето сите вработени во СБ да се однесуваат чесно, одговорно и етички, придонесува за креирање на Култура на усогласеност, во секојдневното работење. Сетот од интерни акти со кои се пропишува начинот на постапување во секојдневното работење, воспоставува стандарди и принципи што се задолжителни за сите вработени, во секое ниво на дејствување во Банката – со клиентите, конкуренцијата, регулаторот, државните органи, акционерите итн.

## *ПОСТАВЕНОСТ на Функцијата Контрола на усогласеноста во Стопанска банка АД – Скопје*

Функцијата Контрола на усогласеност во СБ за прв пат е воспоставена во 2001 година и оттогаш постојано се проширува и преминува во Дирекција за контрола на усогласеноста на работењето на банката со прописите. Во 2013 година, се формира Сектор за контрола на усогласеноста на работењето на банката со прописите, составен од две Дирекции – Дирекција за контрола на усогласеноста и следење на активностите за Спречување на Перење Пари (СПП) и Финансирање на Тероризмот (ФТ) и Дирекција за активности за СПП и ФТ. Секторот за контрола на усогласеноста на работењето на банката со прописите е **независна организациона единица** во СБ, чијашто функција е детално пропишана со интерните акти на Банката. Преку редовни интерни обуки и тренинзи, со пропишана динамика во интерните акти и Годишните планови за работа, се цели кон високо ниво на професионалност, усогласено работење и етичност во постапувањето од страна на сите вработени во Банката.

## *ОДБОР за следење на усогласеноста на работењето на банката со прописите*

Чекор понапред во воспоставувањето Систем за Контрола на усогласеност претставува и континуирано оддржување на Културата на усогласеност на ниво на цела Банка е воспоставувањето на Одбор за следење на усогласеноста на работењето на СБ со прописите (Compliance Committee) во декември 2002 година. Од тогаш надлежностите на овој Одбор, како и бројот на членовите од кој е составен постојано се зголемуваат.

## *Одговорност на МЕНАЏМЕНТОТ за усогласено работење*

Органите на управување во Банката, се одговорни за обезбедување на адекватна функција на Контрола на усогласеноста, како и за воспоставување рамка на обврски и принципи со цел постигнување на високо ниво на усогласено работење. **Посветеноста** на менаџментот се согледува преку донесувањето на Политики и Процедури за усогласено работење од страна на Надзорниот и Управниот Одбор. Ние во СБ го применуваме принципот "from top to bottom" за ширењето на Културата за усогласеност и воспоставувањето вредности за усогласено работење.

***Одговорност на СЕКТОРОТ за контрола на усогласеноста на работењето на банката со прописите***

Секторот за конторла на усогласеноста на работењето на банката со прописите (Сектор) е одговорен за **контрола и следење на усогласеноста на Банката**, преку воспоставување на систем на идентификување на можните ризици од неусогласеноста, како и нивно мерење, следење и преземање на адекватни активности за нивно намалување и отстранување. Независната позиција на Секторот и неговата соодветна поставеност овозможува пристап до органите на управување и пристап до сите неопходни информации и документи од деловното работење. Во согласност со регулативата, Секторот е одговорен за навремено известување на менаџментот за своето работење.

***Одговорност на сите ВРАБОТЕНИ***

Сите вработени на Банката се обврзани да работат во согласност со регулативата, интерните акти и групациските стандарди кои Банката ги применува како дел од НБГ Групацијата. Преку соодветните интерни акти и преку спроведувањето на постојани обуки, вработените соодветно се информираат за обврските за усогласено работење при извршување на нивните редовни активности. Банката, на сите нивоа на работење создава околина во која обвските за усогласено работење се соодветно разбрани и прифатени од сите вработени.

***КОДЕКС НА ЕТИКА***

Кодексот на етика ги дефинира моралните **принципи и вредности**, како и соодветните **правила** во чии рамки се вршат активностите на вработените и менаџментот. Кодексот дава насоки неопходни за носење на правилни одлуки согласно најпрудентните правила за корпоративно управување и правната и регулаторната рамка. Кодексот служи како насока за соодветно однесување на сите вработени во СБ и истиот значително придонесува во заштитата на интересите на вработените, клиентите и акционерите, врз основа на јасни утврдени стандарди кои овозможуваат континуирано јакнење на стабилноста, ликвидноста и репутацијата на Банката.

***ПОЛИТИКА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА ПОТКУП И КОРУПЦИЈА***

СБ ги презема сите мерки за да **спречи и одврати активности** поврзани со поткуп и корупција. За таа цел има усвоено Политика за спречување на поткуп и корупција, што јасно и недвосмислено ги определува принципите и правилата за спречување на такви активности. Определба на СБ е да се подигне свеста на вработените со цел да се препознаат, спречат и соодветно пријават активности поврзани со поткуп. Исто така, ја одразува и определбата за "нулта толеранција за корупција".

***СПРЕЧУВАЊЕ НА СУДИР НА ИНТЕРЕСИ***

СБ става акцент и презема соодветни мерки за **справување со случаите** што можат да предизвикаат или да доведат до судир на интереси во рамките на услуги што ги нуди. Истото го прави преку изготвување на соодветен сет на политики и процедури за откривање и справување со ситуации што предизвикуваат или би можеле да предизвикаат судир на интереси.

***ДОВЕРЛИВОСТ, ЗАШТИТА НА ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ И ЗАШТИТА НА БАНКАРСКА ТАЈНА***

Како еден од важните и основни принципи во банкарското работење, СБ, во согласност со регулативата, презема активности за **да осигура** доверливост на информациите, заштита на банкарската тајна и почитување на тајноста на личните податоци на клиентите. Секоја доверлива информација се третира со соодветната тајност и според сите закони и правила поврзани со професионална и банкарска тајна. Банката посветува посебно внимание на обврската за усогласување со важечките прописи во областа на заштитата на личните податоци при обработката на личните податоци.

***ПРЕЗЕМАЊЕ АКТИВНОСТИ ЗА СПРЕЧУВАЊЕ ПЕРЕЊЕ ПАРИ И ФИНАНСИРАЊЕ ТЕРОРИЗАМ***

СБ посветува особено внимание за придржување до регулативата за спречување перење пари и финансирање тероризам, како и особено внимание за имплементација на меѓународните принципи и најдобри практики за **спречувањето на перењето пари и финансирањето тероризам**. Како дел од НБГ Групацијата, СБ презема соодветни активности, преку воспоставување на систем за спречување на перење пари и финансирање тероризам во согласност со ФАТФ Препораките.

***ЗАШТИТА НА УКАЖУВАЧИТЕ***

Со цел заштита на лицата што пријавуваат несоодветни и/или нелегални активности, СБ имплементира систем за заштита на укажувачите. Определбата на СБ е да создаде околина во која пријавувањето на несоодветни активности ќе биде **охрабрено**, прифатено и секој оној што ќе пријави несоодветност во постапувањето на било кој од вработените и органите на банката ќе биде соодветно заштитен. Исто така, преку создавањето на систем за заштитено внатрешно и надворешно пријавување, Банката обезбедува највисоко ниво на доверливост при извршувањето на таквиот процес.

***ТРЕНИНЗИ И ОБУКИ***

Ние во СБ, целиме кон создавање на високо професионален тим, со принципи на однесување и принципи на работење што ја градат репутацијата на Банката. На вработените во СБ, на секое ниво во организацијата, **континуирано** им обезбедуваме тренинзи и обуки од областа на усогласеноста, спречувањето перење пари и финансирање тероризам, кодексот на етика, спречувањето поткуп, заштита на укажувачите итн.

***СИСТЕМ ЗА ВНАТРЕШНА КОНТРОЛА***

Системот за внатрешна контрола на СБ е составен од повеќе ефективни механизми и процедури за контрола чија цел е да се обезбеди **усогласеност** со интерните процедури и обврски кои произлегуваат од важечката законска и подзаконска регулатива, како и со доследна имплементација на деловната политика. Системот за внатрешна контрола на СБ е сочинет од три функции: функцијата на внатрешна ревизија, функцијата за управување со ризиците и функцијата за контрола на усогласеноста.

Сектор за контрола на усогласеноста
на работењето на банката со прописите
Април, 2022 година
Стопанска банка АД – Скопје